Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-154/2
31.03.2026 год.viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општинско основно училиште - Shkolla fillore komunale
ЃЕРЃ КАСТРИОТ - СКЕНДЕРБЕУ
GJERGJ KASTRIOT - SKËNDERBEU
Бр.Nr. 05-144
31.03 2026 год.viti
с.Арачиново-f.Haracinë

Друштво за производство трговија и услуги
ФИСНИК КОМ ДООЕЛ
Бр. 01-2026
31.03 2026 год
АРАЧИНОВО

ДОГОВОР
ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ – ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

А. ОПШТИНА АРАЧИНОВО, со седиште на адреса: ул.1 бр.2 с.Арачиново, Скопје, РСМ
(Назив, адреса, седиште и држава),

застапуван/о од градоначалникот Даут Беќири

Б. ООУ Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу Арачиново, со седиште на ул. 1 бр. ББ во с.Арачиново,
(назив, адреса, седиште и држава)

застапуван/о од в.д. директорот Муса Муниши

В. Друштво за производство трговија и услуги ФИСНИК КОМ ДООЕЛ Арачиново, со седиште на ул.12 бр.138 Арачиново, Скопје 1000, РСМ со ЕМБС 7058926 и ЕДБ 4033015500875.
(назив, адреса, седиште и држава)

застапуван(о) од Управителот Наим Ајвази
(во понатамошниот текст „Носител на набавката“) од друга страна.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1
Предмет на овој Договор е набавка на услуги: Превоз на ученици, согласно прифатената Понуда на понудувачот, и техничките спецификации од тендерската документација, кои се составен дел од овој Договор.
Предметот на овој Договор е во согласност со одлуката за јавна набавка број 13-154 од 10.03.2026 година, по спроведена поедноставена отворена постапка за набавка на услуги со објавување на оглас за јавна набавка број 03928/2026 од 11.03.2026 година, објавена на ВЕБ страната на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолна понуда број 13-154/1 од 26.03.2026 година.
Превозот на ученици ќе се извршува на релација: с.Мојанци до ООУ,,Ѓерѓ Кастриот Скендербеу,,-Арачиново и обратно за учебната 2025/2026 година.

ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2
Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3
Вкупната вредност на набавката од член 1 изнесува 999.985,00 без ДДВ согласно финансиската понуда на Носителот на набавката

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот за јавната набавка ќе биде со времетраење до завршување на наставната година 2025/2026 или до целосно исцрпување на средствата по истиот.

ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 5

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на услугата;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да се изврши од страна на Училиштетето, од сметката на Училиштето, во законски утврден рок до 60 дена, по прием на фактурата во архивата на Училиштето, на сметка и банка за која писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Прилог на фактурата е записник за навремено и квалитетно извршување на работите потпишан од договорните страни.

Набавувачот се обврзува, за извршување на услугата, на изведувачот да му исплати вредност према понудената цена од 28.571,00 денари по ученик-годишно,или вкупно за 35 ученици = 999.985,00 денари годишно. Во цената на превозот не се вклучени неработните денови и празниците.

Исклучок на извршување на услугите е прекин на воспитно-образовниот процес во случај на: воена, вонредна состојба, епидемии и сл. Во случај на прекин на воспитно-образовниот процес нема да се извршува плаќање односно ќе се пресметаат деновите само кога се извршува услугата.

КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 7

Квантитетот и квалитетот на услугата да одговара на договорениот квантитет и квалитет. Пред и во текот на реализација на предметната набавка се утврдува квантитетот и квалитетот на завршената услуга со записник потпишан од двете договорни страни, односно претставник на Носителот на набавката и претставник на Договорниот орган. Со записникот се констатира навременото и квалитетно извршување на услугата. Содржината на Записникот се потврдува со потпис на двете договорни страни.

ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

Сите трошоци кои се однесуваат на предметната набавка, како и оние што му претходат, ги поднесува Носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен услугите од член 1 да започне да ги извршува веднаш по потпишување на овој Договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 од овој член кога истата ќе биде писмено потврдена од лицето за контакт кај Договорниот Орган.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката во рокот во кој се договориле согласно со член 6 од овој Договор.

Член 10

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно реализирањето на услугата.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 11

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

ВИША СИЛА

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 13

Носителот на набавката одговара за навремено, квалитетно и ефикасно извршување на услугата .

НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Во случај на доцнење од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Во случај на нереализација, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката во дополнително оставен рок од 3 дена, да го раскине Договорот со проста изјава и да склучи Договор со второрангираниот понудувач. Во тој случај, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 15

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 16
Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 17
Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 18
Доколку не се постигне обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 19
Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 20
Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот да ја извести другата страна штом дознае дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

Член 21
Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна ќе и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската. Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок ,не ја исполни ни во дополнителниот рок, другата договорна страна страна може да го раскине договорот.

Член 22
Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 23
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот,должна е тоа да и го соопшти на другата страна без одлагање.Со раскинување на договорот двете страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест за евентуална штета.

ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 24
Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор. Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 25
Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 26
Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои за секоја страна по 2 примероци и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Општина Арачиново
Градоначалник
Даут Бекири

Договорен орган

ФИСНИК КОМ ДООЕЛ Арачиново
Управител
Наим Ајвази

Носител на набавката

ООУ Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу Арачиново
В.д. Директор
Муса Муниши

Договорен орган